**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Бр.________________

__________________________год.

С К О П Ј Е

Агенцијата за катастар на недвижности, согласно со Програмата за волонтирање бр.01-11228/1 од 24.06.2013 година и Одлуката за аганжирање на волонтери бр. 04-10305/2 од 09.06.2014 година, има потреба од ангажирање на волонтери-студенти,поради што објавува

## Ј А В Е Н  П О В И К
## за аплицирање на кандидати-студенти за волонтирање во Агенцијата за катастар на недвижности

Се повикуваат сите заинтересирани кандидати-студенти кои немаат сеуште дипломирано на соодветниот факултат на кој студираат од областа на правните, економските студии и студии по геодезија, да се пријават на јавниот повик врз основа на кој се организира волонтерска работа во Агенцијата за катастар на недвижности, и тоа:

1. студенти од областа на правните студии-2 волонтери;
   -во Центарот за катастар на недвижности Скопје

2. студенти од областа на економските студии-1 волонтер;
   -во Генерална дирекција на Агенцијата за катастар на недвижности Скопје

3. студенти од областа на студии по геодезија-5 волонтери;
   - во Центарот за катастар на недвижности Скопје-2 волентери
   -во Генерална дирекција на Агенцијата за катастар на недвижности Скопје-3 волонтери

Волонтерската работа ќе се извршува во текот на летниот период од 20.06.2014 година до 20.09.2014 година, без можност за продолжување на волонтирањето.

Ги повикуваме сите заинтересирани кандидати кои сакаат да аплицираат за волонтирање да приложаат уредна документација која треба да содржи:
-потврда за статусот на студентот од високообразовната институција;
-мотивациско писмо;
-кратка биографија со податоци за контакт (телефонски број и адреса на живеење).

Документите да се достават во писарницата (архива) или преку пошта на следната адреса:

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
**ул."Трифун Хаџи Јанев" бр.4, Скопје**
**со назнака „за јавен повик за аплицирање на кандидати за волонтирање во Агенцијата за катастар на недвижности“**

Рокот за доставување на документи е **5 (пет) дена** сметајќи го и денот на објавување на јавниот повик.

По истекот на рокот за доставување на документите, селекција на кандидатите кои доставиле уредна документација ќе се врши од страна на Комисија формирана од директорот на Агенцијата за катастар на недвижности врз основа на доставените

документи, а по потреба и со дополнително повикување на интервју во просториите на АКН.
Избраните кандидати ќе бидат повикани да склучат договор за волонтирање во АКН.

Кандидатите се охрабруваат да ја посетат интернет страната на Агенцијата за катастар на недвижности www.katastar.gov.mk , од каде можат да добијат информации за функциите, надлежноста и делокругот на работа на Агенцијата за катастар на недвижности.